| 6. | За реализирање на проекти за енергетска ефикасност во 2021 согласно АП за ЕЕ (изградба на јавно осветлување) на дел од ул. Маршал Тито, и други улици во градот и населените места | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X | X |

## ФИНАНСИРАЊЕ

Предвидените проектни активности во рамките на програмата за енергетска ефикасност за 2021 година се во висина од **5 015 000** денари. Од други извори планирани се вкупно **2 000 000** денари и тоа од домашни и меѓународни институции, донации, агенции и фондови на ЕУ**.** Од буџетот на општина Неготино се

планира да бидат финансирани од под-програмите ГД0 и ЈА во висина од **3 015 000** денари.

## РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Програмата се финансира преку посебни ставки од Буџетот на Општина Неготино

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Комисијата за финансирање и буџет, Комисијата за локален економски развој и** Комисијата за урбанизам, комунални дејности и заштита на животна средина го следи реализирањето на предвидените активности во рамките на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење, поднесува предлози во врска со остварување на нејзините цели и учествува во инплементацијата на активностите од програмата.

## Член 2

Оваа програма влегува во сила со денот на објавување во **„Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-511/10**
**22.07.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2022 година**

Се објавува **Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2022 година,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.07.2022** година.

**Бр.09-525/8**
**26.07.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 22 став 1 точка 2од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр. 5/02), Законот за животна средина(„Сл.весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11) и член 79 став 1 точка 15 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр 3/06, 2/11 , 9/11, 16/12 , 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **22.07.2022** година ја донесе следната

**ПРОГРАМА**

**за изменувања и дополнување на Програмата за заштита на животна средина на територијата на општина Неготино за 2022 година**

Со програмата за заштита на животната средина и природата на општина Неготино за 2022 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на животната средина и природата во општина Неготино, а кои се во функција на истите во сите медиуми, вода, воздух, почва и природата.

Средствата за реализација на оваа програма се планира да бидат обезбедени од буџетот на општина Неготино.

Главна цел на оваа програма е заштита и унапредување на животната средина и природата преку систем на мерки и активности за долгорочно планирање, заокружени со временска и финансиска рамка.

Програмата опфаќа:

Процена на состојбите со животната средина на локално ниво
Дефинирање, процена и поставување на проблемите од областа на животната средина базирани на ризикот на човечкото здравје, еко системите и квалитетот на животот.
Развивање на стратегии и активности за намалување на ризиците по животната средина во општината.
Зголемување на јавната свест и одговорност за заштита на животната средина, и зголемување на поддршката од јавноста за инвестициите од областа на животната средина во општина Неготино.

Програмата за заштита на животна средина на општина Неготино за 2022 година содржи:

**1.Извори на финансирање**

**2.Спроведување на програмата**

**3.Динамика на спроведување на програмата**

**4.Завршни одредби**

1.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ

Средствата за финансирање на Програмата за заштита на животна средина ќе се обезбедат по следните основи

| р.б. | ПРИХОДИ | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1 | Средства од буџетот на општина Неготино и од државни фондови | 1.330.000,00 |
| | **Вкупно** | **1.330.000,00** |

| | РАСХОДИ | денари |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **Р10** | **Заштита на животна средина** | **1,130.000,00** |
| 1. | Чистење на диви депонии | 675.000,00 |
| 2. | Услуги за израборка на стратегиска оцена на влијанието на врз животната средина на планските документи. | 00,00 |
| 3. | Одбележување на Европската недела на мобилност “ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ” набавка и печатење на маици | 30.000,00 |
| 4. | Акции за пошумивање на територијата на општина Неготино | 300.000,00 |
| 5. | Набавка на мерна станица за амбиентален воздух | 25.000,00 |
| 6. | Набавка на цвеќиња и трева за хортикултурно уредување | 100.000,00 |
| 7. | Изработка на ЛЕАП | 00,00 |
| **РА0** | **Заштита на животна средина** | **200.000,00** |
| 1. | Набавка на контејнери и корпи за отпад | 200.000,00 |
| | | |
| | **ВКУПНО** | **1.330.000,00** |

## 2. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на на програмата за животна средина на територија на општина Неготино е надлежен Градоначалникот на општина Неготино.

## 3. ДИНАМИКА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамика за спроведување на оваа Програма ќе зависи од створените правни и технички услови и од остверување на приливот на средствата.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на оваа Програма да се извршува во согласност со висината на пристигнатите приходи и тоа пропорционално на сите потпрограми кои се составен дел на оваа Програма.

Оваа Програма влегува во сила со денот објавување во „ **Службен гласник на општина Неготино " .**

**бр. 08-511/11**
**22.07.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

**Образложение**

Со Предлог Програмата за заштита на животната средина за 2022 година на општина Неготино се предвидени следните активности:

**1.Чистење на диви депонии**

Општина неготино секоја година активно се вклучува во национални акции за расчистување на диви депонии. Во рамките на спроведување на овие акции се ангажираат фирми за расчистивање на диви депонии кои се наоѓаат на територијата на општина Неготино. За оваа цел во Програмата за заштита на животната средина на општина Неготино за 2022 година се предвидени 600.000,00 ден.

**2.Услуги за изработка на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина на планските документи.**

Согласно Законот за животна средина планските документи подлежат на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина.Урбанистичките планови кои ги донесува општина Неготино исто така подлежат на стратегиска оцена на влијанието врз животната средина. Постапката за стратегиска оцена на влијанието врз животната средина ја води одделението за урбанизам и заштита на животна средина а извештаите за стратегиска оцена ги изготвува експерт за

стратегиска оцена на влијанието врз животната средина од листата на експерти од МЖСПП.

За оваа цел во Програмата за заштита на животната средина на општина Неготино се предвидени 30.000,00 денари

**3.Одбележување на Европската недела на мобилност “ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ”**

Општина Неготино се приклучи кон обележувањето на Европската недела на мобилност, при што ќе бидат изработени информативни флаери со повик до граѓаните да учествуваат во манифестацијата “ДЕН БЕЗ АВТОМОБИЛИ” каде што се затвара за сообраќај една фрекфентна улица во градот и се резервира за велосипеди, ролери и друг вид на алтернативен транспорт. За учесниците во манифестацијата се набавуваат и испечатуваат маици со логото на настанот.

За оваа цел во Програмата за заштита на животната средина на општина Неготино се предвидени 30.000,00 денари.

**4.Акции за пошумување на територијата на општина Неготино**

Секоја година во рамките на акциитеза пошумување општина Неготино во соработка со ЈП Македонски шуми и МЖСПП организира акции за пошумување на одредени површини кој се наоѓаат на територија на општина Неготино. Во 2022 година општна Неготино планира да спроведе акции за пошумување на различни локациии во градот и населените места, како и оградување на градската депонија “Бучето“ со зелен појас. За оваа цел во програмата за заштита на животната средина на општина Неготино се предвидени 300.000,00 денари.

**5.Набавка на мерна станица за амбиентален воздух**

Општина Наготино во текот на 2022 година планира да набави мерна станица за квалитетот на амбиенталниот воддух и истата да биде поставена и ставена во функција на граѓаните на општина Неготино. За овој проект во буџетот на општина Неготино за 2022 година се планирани 70.000,00 денари.

**7.Набавка на цвеќиња и трева за хортикултурно уредување**

Општина Наготино во 2022 година обезбедува средства во буџетот на општината за набавка на цвеќиња и трева за хортикултурно уредување. За оваа активност во буџетот на општина Неготино за 2022 година се предвидени 100.000.00 денари.

**8.Изработка на ЛЕАП (локален еколошки акционен план)**

Согласно Законот за животна средина секоја општина е должна да има важечки ЛЕАП (локален еколошки акционен план). За изработка на еден ваков проект потребно е ангажирање на еколошка консултантска фирма и експерти од областа на животната средина кој ќе спроведат одредени јавни расправи, косултации со невладините еколошки организации кој треба да дадат свој придонес во изработката на овој документ. За овој проект се предвидува во буџетот на општина Неготино за 2022 година, и доколку се обезбедат средства од страна на странски или домашни фондови се планира истиот да се спроведе.

**8.Набавка на контејнери и корпи за отпадоци**

Во текот на 2022 гогина општина Неготино планира да набави нови контејнери и корпи за отпадоци кои ќе бидат ставени во функција на граѓаните, за што во програмата за заштита на животната средина на општина Неготино за 2022 година се предвидени 200.000,00 денари.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Измени и дополнувања на буџетот на општина Неготино за 2022 година ( ребаланс )**

Се објавува **Измени и дополнувања на буџетот на општина Неготино за 2022 година ( ребаланс ),** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.07.2022** година.

**Бр.09-525/8**
**26.07.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (,,службен весник на РМ бр.5/2002) и член 29 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и службен весник на РМ бр.61/2004, 94/2004, 67/2017, 96/2004, 156/2009,47/2011, 192/2015,209/2018, службен весник на РСМ 244/2019, 53/2021,77/2021 .) Советот на Општина Неготино на // редовна седница одржана на 22.07.2022 година, донесе

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА БУЏЕТОТ

### На Општина Неготино за 2022 година

**1. Општ дел**

**Член 1**

Буџетот на Општината Неготино за 2022 година се состои од :

| | БУЏЕТ | РЕБАЛАНС |
|---|---|---|
| **I ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **398.981.149** | **408.060.135** |
| Даночни приходи | 66.785.000 | 66.785.000 |
| Неданочни приходи | 28.991.000 | 28.991.000 |
| Капитални приходи | 29.723.073 | 29.723.073 |
| Приходи од дотации | 218.603.627 | 218.603.627 |
| Приходи од трансфери | 34.356.602. | 39.278.818 |
| Приходи од донации | 20.521.847 | 24.678.617 |
| **II ВКУПНИ РАСХОДИ** | **423.696.964** | **453.229.997** |

| | | |
|---|---|---|
| Од утврдени намени | 422.696.964 | 452.229.997 |
| Расходи од резерви | .1.000.000 | .1.000.000 |
| **ДЕФИЦИТ** | **-24.715.815** | **-45.169.862** |
| **ФИНАНСИРАЊЕ** | **24.715.815** | **45.162.348** |
| **Прилив** | **27.265.815** | **47.712.348** |
| Домашни задолжувања | 19.893.030 | 19.893.030 |
| Странски заеми | 0 | 0 |
| Депозит | **7.372.785** | **27.819.318** |
| **Одлив** | **2.550.000** | **2.550.000** |
| отплата на главница | **2.550.000** | **2.550.000** |

**Член 2**

Приходите на Буџетот по видови на приходи се утврдени во билансот на приходи, а расходите по основни намени се утврдени во билансот на расходи и тоа како што следува

## Основен буџет

## Приходи

**Основниот Буџет** за 2022 год изнесува **150.378.460,00 ден**. со првиот ребаланс се зголемува за **17.826.749,00** ден, и истиот изнесува **168.205.209,00** ден.

**Вкупниот буџет** за 2022 година изнесува **426.246.964,00** ден. Со првиот ребаланс се зголемува за **29.533.033,00** ден. Истиот изнесува **455.779.997,00** ден.

- ✓ **741 114 – пренесен вишок на приходи од минати години** – Основен буџет 2022 – 6.192.785,00 ден // прв ребаланс – 19.097.318,00 ден. ( се зголемува за 12.904.533,00 ден. )

- ✓ **741 112 – Трансфери од буџет на РМ -** Основен буџет 2022 – 0,00 ден // прв ребаланс – 4.922.216,00 ден. ( се зголемува за 4.922.216,00 ден.

## Расходи

***<u>Потпрограма А00 – Совет на Општина Неготино</u>***

Планирани средства со буџет 2022 се **4.855.000,00** ден, додека со ребалансот се зголемуваат за **35.000,00** ден. и истите изнесуваат **4.890.000,00** ден.

Измени се направени во ставката за договорни услуги , истите се наменети за исплата на договорни услуги за снимнњето на седниците на советот на општина Неготино.

***Потпрограма Е00– Општинска администрација***

Планирани средства со буџет 2022 се **48.036.000,00** ден, додека со ребалансот се зголемуваат за **6.375.000,00** ден. и истите изнесуваат **54.411.000,00** ден.

Измени се направени во следните потставки.

- **Персонален данок од надоместоци** – 65.000,00 дена
- **Надомест за годишен одмор** – 1.100.000,00 ден.
- **Електрична енергија** - со буџетот за 2022 год. се планирани **1.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс истите изнесуваат **6.500.000,00 ден.**
- **Други материјали –** со буџетот за 2022 год се планирани 250.000,00 ден, додека со првиот ребаланс истите изнесуваат 350.000,00 ден.
- **ден.**
- Услуги за обезбедување на објекти - со буџетот за 2022 год. се планирани **600.000,00** ден, додека со првиот ребаланс истите изнесуваат **800.000,00 ден.**
- **Услуги за копирање и печатење** - во буџетот за 2022 год. се планирани 300.000 ден, додека истиот износ со првиот ребаланс се намалува на 200.000 ден.
- **Други здравствени услуги -** во буџетот за 2022 год. се планирани 80.000 ден, додека истиот износ со првиот ребаланс се заменува со 50.000 ден.
- **Други договорни услуги** – во буџет за 2022 год планирани се 300.000,00 ден, додека со ребаланс истите се заменуваат со 520.000,00 ден.
- **Други оперативни расходи** - во буџет за 2022 год. на оваа ставка се планирани 700.000 ден, додека со првиот ребаланс изнесува 720.000 ден
- **Привремени вработувања** - во буџет за 2022 год. на оваа ставка се планирани 4.000.000 ден, додека со првиот ребаланс изнесува 1.700.000 ден
- **Плаќања по судски решенија** - во буџет за 2022 год. на оваа ставка се планирани 4.000.000 ден, додека со првиот ребаланс изнесува 5.600.000 ден

.

***Потпрограма Ф10– Урбанистичко планирање***

Планирани средства со буџет 2022 се **2.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се намалуваат за **1.000.000** ден. и истите изнесуваат **1.000.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за изработка на урбанистички и просторни планирања.

***Потпрограма ГА0 – Изградба на комерцијални објекти***

- Планирани средства со буџет 2022 се **2.149.460,00** ден, додека со првиот ребаланс се намалуваат и истите изнесуваат **1.199.460,00** ден.

***Потпрограма ГД0 – Проекти за енергетска ефикасност***

- Планирани средства со буџет 2022 се **1.015.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **1.515.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за набавка на рефлектори за осветлување на СРЦ Младост.

***Потпрограма Ј70 – Одржување и користење на паркови и зеленило***

- Планирани средства со буџет 2022 се **1.500.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.390.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за одржување на зелени површини.

***Потпрограма Ј90 – Одржување на простори за паркирање***

- Планирани средства со буџет 2022 се **1.500.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **6.500.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за префрлување на надлежностите и ингеренции на јп паркинзи за јавното осветлување.

***Потпрограма ЈДО – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици***

За 2022 год. во буџетот на Општина Неготино се предвидени вкупно 20.000.000,00 ден. додека со првиот ребаланс истите се намалуваат за 5.772.947,00 ден. и изнесуваат 14.227.053,00 ден.

***Потпрограма ЈИ0- Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води***

Планирани средства со буџет 2022 се **3.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **5.500.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за реконструкција на пречистителни станици и колектори по основ на склучен договор со Министерство за животна средина.

***Потпрограма ЈЛ0- Други комунални услуги/капитални расходи)***

Планирани средства со буџет 2022 се **1.000.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се намалуваат и истите изнесуваат **100.000,00** ден., и истите измени се однесуваат за изградба и реконструкција на други објекти.

***Потпрограма ЈГ0 – Изградба на системи за водоснабдување***

Планирани средства со буџет 2022 се **2.000.000,00** ден, додека со прввиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **7.730.000,00** ден., и истите измени се однесуваат по основ на склучен договор со Министерство за животна средина.

***Потпрограма ЈН0 – Урбана Опрема – Капитални расходи***

Планирани средства со буџет 2022 се **1.000.000,00** ден, додека со прввиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.158.496,00** ден., и истите измени се однесуваат за уредување на детско игралиште во село Тремник.

***Потпрограма Л00- Спорт и рекреација***

Планирани средства со буџет 2022 се **2.780.000,00** ден, додека со прввиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **4.780.000,00** ден., и истите измени сеоднесуваат за трансфери до спортски клубови.

***Потпрограма Т10 – Унапредување на здравствена заштита***

Планирани средства со буџет 2022 се **2.111.000,00** ден, додека со прввиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **3.366.200,00** ден., и истите измени се однесуваат за

- исплата - кофинансирање на надомест за 5 негуватели за стари лица, 3 негувателки во градинка и 4 образовни асистени согласно склучен договор со УНДП.
- еднократен надоместок за новороденчесе додаваат 700.000 ден.
- кофинансирање на Општина Неготино за формирање регионален центар за жртви на родово засновано и семејно насилство со седиште во Кавадарци, согласно склучен договор со 4 општини со процентуално

учество на секоја од нив, со кој Општина Неготино учествува со 390.000,оо денари.

***Потпрограма Ѓ00 – Противпожарна заштита***

- Планирани средства со буџет 2022 се **1.670.000,00** ден, додека со првиот ребаланс се зголемуваат и истите изнесуваат **2.566.000,00** ден., и истите измени се однесуваат по основ на преземено лице од Министерство за одбрана.
- Привремени вработувања се зголемуваат за 500.000,оо денари.

***Блок дотации***

Во делот на дотациите во буџетот за 2022 год. планирани се ***218.603.627 денари ,*** додека со ребалансот се зголемуваат за **7.542.000,00** ден., и истиот износ се заменува со ***226.145.627,00 ден***.

**К1 - Локална библиотека на град Неготино** / планирано со буџет за 2022- 3.910.528,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 224.000,00 ден и изнесува 4.134.528.,00 ден.

**К3 – Музеј на град Неготино** / планирано со буџет за 2022 – 3.968.099,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 210.000,00 ден и изнесува 4.178.099,00 ден.

**Н20 – СОУ СВ.Кирил и Методиј** / планирано со буџет за 2022 – 50.000.000,00 ден, со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 2.308.000,00 ден и изнесува 52.308.000,00 ден.

**Н10 – ООУ Гоце Делчев** /Со прв ребаланс зголемување од пренесен вишок на приходи на износ од 4.800.000,00 ден.

***Донации***

Во делот на донациите во буџетот за 2022 год. планирани се ***20.521.847 денари ,*** додека со ребалансот се зголемуваат за **4.164.284,00** ден., и истиот износ се заменува со ***24.686.131,00 ден*** и се однесува на следните финансирања:

- 742 111 – приходи од обединети нации за финансирање на надомест за 5 негуватели за стари лица, 3 негувателки во градинка и 4 образовни асистени согласно склучен договор со УНДП во износ од 460.800,оо денари,
- 742 113 – приходи од светска банка – Грант село Курија- 3.695.970.оо ден,
- 744 311- други тековни донации – ООУ Страшо Пинџур – Фонд за иновации на проект Предизвик за млади истражувачи на износ од 7.514,оо денари.

**бр. 08-511/12**
**22.07.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Правилник за определување на постапка и критериуми за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од буџетот на Општина Неготино**

Се објавува **Правилник за определување на постапка и критериуми за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од буџетот на Општина Неготино,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.07.2022** година.

**Бр.09-525/9**
**26.07.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 49, став (1) и (2) од Законот за здруженија и фондации (“ Службен Весник на Република Македонија” бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016), член 21 став 1 од Законот за локална самоуправа ( “Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 24 став 1 од Статутот на Општина Неготино („ Службен гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/ 14, 13/20 и 3/22 ), Советот на Општина Неготино на ден **22.07.2022** година го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К

### за определување на постапка и критериуми за доделување на финансиски средства на здруженија и фондации од буџетот на Општина Неготино

**Член 1**

Со овој Правилник се утврдуваат условите за распределба и користење на средства од буџетот на општина Неготино наменети за финансирање на програмски и проектни активности на здруженијата и фондациите од страна на општина Неготино.

**Приоритетни области за поддршка**

Распределбата на средствата за здруженија/фондации од буџетот на општина Неготино се врши преку грантови за проекти во приоритетните области и цели утврдени со актуелните стратешки документи и акциони планови на општината, а кои се однесуваат на локалниот и економскиот развој, образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот, екологијата и други области.

**Постапка при одлучување за финансирање на проекти на здруженијата/ фондациите**

Средствата предвидени во буџетот на општина Неготино ги доделува Комисијата за јавни дејности при Советот на општина Неготино и градоначалникот на општина Неготино најдоцна до 31 август во календарската година. Разгледувањето и селекцијата на проектите се врши од страна на комисијата. При селекцијата комисијата за јавни дејности може да се консултира со соодветните

комисии на Советот на општината, општинската администрација како и со претставници на здруженијата.

Вкупната висина на финансиските средства ја утврдува Градоначалникот до висина која му е определена со закон. За висината на финансиската помош над определената со закон одлука донесува Советот или од него формирана соодветна комисија. Средствата се користат еднаш во календарската година. Општината ги објавува резултатите од огласот, како и целосниот извештај за распределените средства во кој се наведени сите поддржани проекти за календарската година со доделената сума на општинската веб страна.

**Техничка подготовка на повик/оглас**

Распределбата на средствата се спроведува врз основа на јавен повик кој се објавува на веб страницата на општината во месеците јули/август во тековната година.

Огласот ги содржи најмалку следните елементи:

- Приоритетни области и цели
- Основни организациски критериуми
- Посебни проектни критериуми
- Временска рамка за спроведување на проектите
- Вкупно предвидени/достапни средства
- Висина на достапни средства за поединечен проект
- Потребна документација за пријавување
- Рок за поднесување на пријавите кој не може да биде помал од 15 дена од денот на објавување на огласот
- Рок кога ќе се објават резултатите
- Адреса на која треба да се ипратат документите

Заедно со огласот, општина Неготино на својата веб страна објавува образец на предлог проект и образец за подесување извештај за искористени средства.

Здруженијата/фондациите можат да поднесат само една пријава за финансиска поддршка. (Или да поднесат повеќе пријави за финансиска поддршка во разни области на делување, но може да добијат само еден проект по избор на комисијата).

Пријавите со непотполна документација или по истекот на договорениот рок нема да се разгледуваат. Доставените прилози не се враќаат.

Индикативна временска рамка

| Објавување на огласот | јули-август |
|---|---|
| Краен рок за поднесување апликации | 15 дена по објавување |
| Краен рок за објавување на резултатите од оценувањето на апликациите | 31 август |
| Потпишување на договори со избраните апликанти | 1-10 септември |

**Критериуми за аплицирање**

Основни *организациски критериуми* кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите корисници на средства од општинскиот буџет се:

- Да се регистрирани според Законот за здруженија и фондации од 2011 година.
- Да се регистрирани со седиште во Општина Неготино.

Проценка на квалитетот на проектите на здруженијата и фондациите кои ги исполнуваат основните организациски критериуми се врши врз основа на следните посебни проектни критериуми:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Организациски капацитет на здружението/фондацијата (профил, капацитет, релевантно искуство) | 20 |
| 2. | Релевантност на проектот (усогласеност на предложениот проект со приоритетите на повикот, анализа на проблемот и негова актуелност, избор на целна група) | 30 |
| 3. | Опис на проектот (цели, резултати, активности, пристап) | 20 |
| 4. | Ефекти во локалната средина (влијание врз целните групи и корисниците, одржливост на проектот) | 15 |
| 5. | Буџет (соодветно изразени | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| | активности во буџетот и оправданост на трошоците) | |
| **Максимум бодови** | | **100** |

За да биде квалификувана за финансиска поддршка, проектната апликација мора да освои повеќе од 50 бодови.

**Критериуми за имплементација на поддржаните проекти**

Користењето на доделените средства ќе биде специфицирано во договорот помеѓу здружението/фондацијата и општина Неготино.

Договорот треба да ги содржи најмалку следните елементи: предмет на договорот, висината на доделените средства, временска рамка за спроведување на договорот, обврска совесно и одговорно да се користат доделените средства, како и да се вратат неискористените средства, обврска да се обезбеди видливост на поддршката на општината, начин на известување, оценка и следење итн.

Доделените финасиски средства здруженијата/фондациите ги користат исклучиво за намената за која се доделени и на начин определен во предлог проектот.

За време на имплементирањето на проектните активности здруженијата /фондациите задолжително да обезбедат видливост на поддршката од општината преку користење на логото на општината и покана за присуство на официјални лица од општината на јавните настани.

Во рок од 30 дена по завршувањето на проектните активности, а најдоцна до 30-ти јуни следната година, здруженијата/фондациите доставуваат извештај за користењето на средствата до комисијата за јавни дејности.

**Набљудување на имплементацијата на поддржаните проекти од страна на Општината**

Општина Неготино и Комисијата за јавни дејности го следат наменското трошење на доделените средства. Мониторингот вклучува посети на терен на однапред најавени активности во рамките на проектот.

Комисијата може да бара поврат на доделените средства доколку утврди дека средствата се трошат ненаменски и спротивно на договорот или доколку не се поднесе извештај за проектот во предвидениот краен рок.

Комисијата за јавни дејности спроведува постапка за оценка на користењето на распределените средства и за постигнатите резултати од поддржаните активности врз основа на поднесените извештаи од здруженијата и фондациите. Комисијата поднесува писмен извештај за користењето на распределените средства и постигнатите резултати од поддржаните проекти до Советот на општина Неготино.

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавување во **„Службен гласник на Општина Неготино“.**

**бр. 08-511/13**
**22.07.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино ,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.07.2022** година.

**Бр.09-525/10**
**26.07.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Сл.весник на РМ,, бр.27/2014, 199/2014 и 27/2016) и член 79 став 1 точка 31 од Статутот на општина Неготино (,, Сл.гласник на Општина Неготино ,, бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 ,16/14, 13/20 И 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **22.07.2022** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2023 година на **ОУ„ Музеј на град Неготино “** Неготино со бр. **04-110/1** од **13.07.2022** година.

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавување во **„ Службен гласник на Општина Неготино “.**

**бр. 08-511/14**
**22.07.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Решение за доделување на еднократна парична помош**

Се објавува **Решение за доделување на еднократна парична помош,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **22.07.2022** година.

**Бр.09-525/11**
**26.07.2022 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Горан Стојанов с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02), , член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на Општина Неготино “ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14, 13/20 и 3/22 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на **22.07.2022** година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За доделување на еднократна парична помош**

**Член 1**

Се доделува еднократна парична помош на следните лица :

1. **Музафер Асков од Неготино во износ од 3000,00 денари**
2. **Лазар Тасев од Неготино во износ од 3000,00 денари**
3. **Стојан Вучков од Неготино во износ од 5000,00 денари**
4. **Блажо Делов од Неготино во износ од 4000,00 денари**
5. **Узир Матлиов од с. Долни Дисан во износ од 4000,00 денари**
6. **Рамис Усеиноски од Неготино во износ од 3000,00 денари**
7. **Злата Димова од с. Тимјаник во износ од 4000,00 денари**
8. **Фекрита Шабанова од с. Криволак во износ од 5000,00 денари**
9. **Цена Тодорчева од с. Долни Дисан во износ од 3000,00 денари**
10. **Лилјана Цекова од с. Тимјаник во износ од 3000,00 денари**
11. **Славиша Цветковиќ од Црвени Брегови во износ од 4000,00 денари**
12. **Мирадија Максудова од с. Криволак во износ од 13.000,00 денари**
13. **Јани Иванов од Неготино во износ од 60.000,00 денари**

**Член 2**

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во **„ Службен гласник на Општина Неготино “ .**

**бр. 08-511/15**
**22.07.2022 година**

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Роза Јаневска с.р**

## СОДРЖИНА

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 10/2022

1. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година**

2. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за за изработка на урбанистички планови на просторот на општина Неготино за 2022 година**

3. Заклучок за објавување на **Заклучок за утврдување на локација за дислокација на дивите гаражи, земјоделски машини, моторни хаварисани возила кои узурпираат јавна површина на територијата на општина Неготино**

4. **Заклучок за утврдување на локација за дислокација на дивите гаражи, земјоделски машини, моторни хаварисани возила кои узурпираат јавна површина на територијата на општина Неготино**

5. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на територијата на општина Неготино за 2022 година**

6. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за комунални дејности и уредување на градежно земјиште на територијата на општина Неготино за 2022 година**

7. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2022 година**

8. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за локален економски развој на општина Неготино за 2022 година**

9. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2022 година**

10. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2022 година**

11. Заклучок за објавување **на Програма за измена и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации на Општина неготино за 2022 година**
12. **Програма за измена и дополнување на Програмата за култура, спорт и соработка со здруженија и фондации на Општина неготино за 2022 година**
13. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2022 година**
14. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за енергетска ефикасност на општина Неготино за 2022 година**
15. Заклучок за објавување на **Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2022 година**
16. **Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита на животната средина на територијата на општина Неготино за 2022 година**
17. Заклучок за објавување **на Измени и дополнувања на буџетот на општина Неготино за 2022 година ( ребаланс )**
18. **Измени и дополнувања на буџетот на општина Неготино за 2022 година ( ребаланс )**
19. Заклучок за објавување на **Правилник за определување на постапка и критериуми за доделување на финансиски средства на задруженија и фондации од буџетот на Општина Неготино**
20. **Правилник за определување на постапка и критериуми за доделување на финансиски средства на задруженија и фондации од буџетот на Општина Неготино**
21. Заклучок за објавување на **Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино**
22. **Решение за давање согласност на Годишен план за вработување за 2023 година на ОУ „ Музеј на град Неготино “ Неготино**
23. Заклучок за објавување на **Решение за доделување на еднократна парична помош**
24. **Решение за доделување на еднократна парична помош**